# ON THE IDENTITIES OF HELLENISTIC GLOBALIZATION - THE UNIFIED WORLD OF DIVERSITY

**Ljuben Tevdovski, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk**

## Abstract:

The "Hellenistic age", widely defined by historians as the period between the death of Alexander and the death of Cleopatra (VII), has a long history of underrating in modern academic research. Due to the traditional "classical" focus of study of antiquity, the period was perceived as impure and decadent; an amalgamation between the culture of western "classical centers" like Athens and, later, Rome, and that of the "Orient". However, the recent paradigm shift in the study of antiquity, from the "old model" that"emphasized static cells" of homogeneous culture towards a new one, focused on the processes of "fluidity and connectedness", instigated an "astonishing development" in the studies dedicated or related to this period.

The accomplishments of this age loomed large among many contemporary scholars of antiquity, and especially those approaching it from the perspective of ancient globalization. The revolutionary developments in science and technology, arts and architecture, urbanism, travel and trade, medicine, philosophy or religion of this era are recently frequently emphasized by researchers and connected closely to the great interconnectedness of different cultural centers, traditions and elites in this intensively interrelated and globalizing world.

This paper focuses on the important characteristics of Hellenistic globalization, its unique system of rule and shared symbols and ideas that spread among numerous local communities and transcended different ages, remaining important at least until the early modernity.

## Keywords:

Hellenistic age, Globalization, Axial age, Glocalization.

**Theme/s:** Hellenistic Period, Classical Antiquity, Global History, Globalization theory.

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

д-р Љубен Тевдовски

## Вовед

Класичните традиции и класичната епоха се длабоко и повеќеслојно вградени во институциите, симболите и наративите, но и идентитетот и вредностите на модерна Европа, а преку неа и на современиот свет.

Оваа „река" на класичната традиција, како што ја нарекува проминентниот шкотски и американски класичар од средината на дваесеттиот век, Гилберт Хајет, присутна од средновековниот период, целосно ја презема европската висока култура од Ренесансата се до дваесеттиот век, а нејзиниот мимезис во литературата, архитектурата и уметноста, политичките и општествените односи, институции и регулативи на локално, регионално и глобално ниво ја трансферираат во самото ткиво на идентитетот и себепоимањето на „западниот човек". Таа од модерноста до современоста преку сите општествени и социјални трансформации пенетрирала преку високата во популарната култура. Така, денес иако класичниот курикулум и класично-образованите лидери на општеството се сè помалубројни, таа извира во ново комерцијално и глобализирачко руво, од диететските медитерански прехрамбени производи, рекламирани со витките фигури на грчките богови, до популарните блокбастери како Троја, Александар или Астерикс. И ако за момент помислиме дека интензивниот развој и општествените и културни трансформации и предизвици на последните декади, поттикнати од силните глобализациски бранови, го поттурнале класичното наследство од центарот на современиот политички и општествен дискурс, и од културната кон економската глобализација, најверојатно само уште еднаш ќе се излажеме себе си. Доволно е да помислиме на многубројните европски политичари во Брисел и ширум континентот кои ја бранат демократијата, како специфична традиција на Европа и Западот, при тоа нужно референцирајќи кон Римскиот републиканизам и Атинската демократија. Или пак, да погледнеме кон растечки популарната радикална десница, која извикувајќи пароли за „ориенталната инвазија" и заштитата на нашите „традиционални вредности" низ плоштадите и преку социјалните мрежи неретко несвесно ги парафразира пропагандните пароли на доцно-републиканскиот и августовски Рим. Најпосле, на многумина познавачи на класичната епоха не им е тешко, во експресивната ужаснатост на мноштво американски интелектуалци, и некои брилијантни умови на денешницата, од политиките и стилот на владеење на претседателот Трамп, да препознаат елементи на фрапантен плагијаризам од делата на Кикерон или Такит.

А токму по овие идејни линии се наѕира и ахиловата пета на гордите класични традиции, преку кои Европските империјални сили во модерноста го обликуваа и „еманципираа“ светот. Трансформацијата на светот, предизвикана од намаленото глобално влијание на Европа и антиколонијаните движења по Втората светска војна, ќе предизвикаат значајни промени на општествените и научните парадигми. Една од најзначајните забелешки кон „класичното наследство“ од страна на пост-модерната научна и интелектуална мисла е дека тоа претставува евроцентричен поглед на медитеранското и поширокото минато, креиран од и за потребите на модерните западни елити, ентитети и идентитети и инструментализиран во империјалистичкото, расистичко и колонијално минато на деветнаесеттиот и дваесеттиот век.

**Од класичното до глобалното**

Неодминлив меѓник на новиот поглед кон минатото и сегашноста е „Ориентализмот“ на Едвард Саид од 1978 година, кој ќе има клучно влијание врз пост-модерната и пост-пост модерната фаза на развојот на многу општествени и хуманистички дисциплини, како и во современите проучувања на минатото и класичната епоха. Така, денес, евроцентричната свртеност кон временски и просторно лимитираниот „европски“ контекст на Атина на Перикле и доцно-републиканскиот Рим, која традиционално ги спротивставивала класичното со ориенталното и средновековното, се повеќе е заменета со холистичко гледање на медитеранското минато и неговата поврзаност со Блискиот Исток и Европа.

Токму во таквиот нов современ контекст на гледање на минатото, хеленистичкиот и византискиот период, кои долго биле потценувани во евроцентричните погледи на антиката, како ориентализирани и декадентни епохи, во кои „чистиот, класичен и бел“ Европеец бил под влијание на неевропските и „варварски“ култури, добиле сосема нова улога и значење. Денес, на Хеленистичката епоха се гледа како на основа на екстензивниот развој и глобалното влијание на класичната култура, а пак на Византија како основна клетка и двигател на културниот пренос на класичните традиции кон модерна Европа и светот воопшто.

Така во најновото и најреферентно лексикографско издание на Харвард, „Класичната традиција“, од 2010 година, која се обидува на преку илјада страници да ги сумира најновите погледи на овој долго проучуван и дебатиран феномен, авторите чувствуваат за потреба да ги вметнат „пророшките“, според нив, зборови од еден деветнаесетвековен дијалог, од книгата „Критичарот како уметник“ на Оскар Вајлд: „Навистина не постои ниту една форма што уметноста ја ползува сега, која што не доаѓа до нас од критичкиот дух (интелектуалната средина) на Александрија“. Оваа белетристичка подлошка е искористена како најава за димензионирање на новото доминантно научно гледиште, како антипод на традиционалните научни и лаички сфаќања, кое авторот ќе го артикулира со зборовите: „Вајд бил, всушност, свесен дека

Александрија, а не Атина, му ги обезбедила на Рим, па така и на подоцнежната европска цивилизација, своите модели.“

Сепак, овие значајни промени во пристапот и погледот на класичното минато и неговото наследство, не се резултат исклучиво на раните пост-колонијални тенденции, туку многу повеќе на интензивните трансформации на општеството и науката во последните декади на интензивна општествена, економска и културна глобализација. Овие пост-пост модерни текови во опшеството и социјалните и хуманистичките дисциплини, предизвикаа значајни промени на погледите и парадигмите на минатото, бришејќи ги рецидивите на деветнаесеттиот и раниот дваесетти век, кои го гледаа светот како мозаик на временски и просторно релативно конзистентни групи, етноси, култури, раси и цивилизации. Наспроти ова, новите проучувачи на минатото, како проминантните Френк, Гилс или Морис, се повеќе ги користат проучувањата на трансформативната моќ на глобализирачките бранови, сугерирајќи ги како основен модел за проучување и на минатите епохи. Навраќајќи се, донекаде, на стариот концепт за почеток на цивилизацијата во „плодната полумесечина“, сега авторите како Вилкинсон, ја дефинираат „централната цивилизација“, и иницијалната каписла на глобализирачкиот процес во антиката, преку конвергенцијата на Месопотамискиот и Египетскиот културен и општествен развој од бронзенодопскиот период се до нео-асирискиот империјален проект. Овие нови научни текови, често нарекувани „империјално свртување“ и „глобализациско свртување“ во проучувањето на класичното и поширокото минато, го ставаат хеленистичкиот период во центарот на глобализацискиот процес *avant-la-letre*, а на хеленистичките културни и политички центри им даваат нова значајна улога на главни трансмитери на глобалните текови кон исток и запад.

Во последните декади многу автори пишуваат за научните, уметничките и општествените придонеси на хеленистичката епоха кон глобалниот развој. Но, она што е од особено значење за овој труд, се анализите на современите авторитети на епохата, како Струтман, кој недвосмислено ќе сумира дека: „Преземени од Партијските кралеви и Римските императори, културата и идеологијата на Хеленистичките (династички) дворови посредно ќе влијаат и на развојот на кралската идеологија и дворската култура на западна Европа и Исламскиот исток“.

Империјалното и глобализациското свртување во истражувањето на минатото и особено на античкиот Медитеран и Блискиот Исток, придонеле и кон значајни промени во пристапот и парадигмите на проучувањата на античките и современите религии. Традиционално пренагласената граница помеѓу класичната и средновековната религиозност, како и нивното проучување како поларитети се повеќе се надминува и занемарува во делата на современите автори во областа на античките и компаративните религии. Помеѓу пионерските проучувања на Франц Кумон, од првата половина на дваесеттиот век, на ориенталните култови во класичниот свет и најновата екстензивна продукција на референтните светски истражувачки и научни центри на темите поврзани со паганскиот монотеизам и средновековната магија и окултност,

историјата на религиите се трансформирала во комплексна наука, чиј поглед е фокусиран на религиозните континууми и трансформации, и многу понезависен од традиционалните стеги на политичката историја и со неа поврзаната ригидна периодизација. Голем дел од овие истражувања укажуваат дека со глобализирачките услови и амбиент во нив, хеленистичкиот период и неговите административни, политички, културни и религиозни центри, претставуваат еден од најважните локуси на трансформација на локалните и регионалните религиозни системи, традиции и пракси и нивна врска со средновековниот и модерниот развој на религиите и религиозноста.

Во овој контекст, хеленистичките глобализациски тенденции во религиската теорија и пракси, синкретизацијата на култовите и религиите и религиозно-политичките и идеолошки импликации на култот на владетелот од овој период добиваат извонредно значење.

Токму низ таа призма заслужува да го погледнеме и анализираме, уште еднаш, големото интелектуално и литературно наследство, создавано под патронство и влијание на династичкиот двор во Александрија. Врската на прочуените полимати и литерати на Александрискиот круг со династот и династичкиот култ, неретко просудувана и осудувана низ дискурсот на доцно-републиканските римски автори и модерните антимонархистички или антипапски идеолошки тенденции во науката и општеството во периодот по француската револуција, кријат во себе многу значајни елементи за разбирањето на општествените процеси и вредносни системи кои влечат континуитет и имаат суштинско влијание врз широки пространства низ вековите од бронзенодопскиот, преку класичниот и средновековниот период, па се до модерноста.

## Загатката на Хеленистичката глобализација

Проучувачите на Хеленистичката епоха, вклучувајќи ги и оние од последните неколку декади, неретко ја илустрираат научната и и интелектуална револуција поврзувана со овој период, преку документираниот развој во династичкиот центар Александрија во Египет. Интелектуалниот и литературниот опус и придонес на „Александрискиот круг“, неретко популарно поврзуван со енигматичната судбина на „Александриската библиотека“, кој бил прочуен во антиката, останува познатиот и признатиот репрезент на хеленистичката глобализација и во модерноста.

И покрај тоа, една од најреферентните современи едиции, Прирачникот на Блеквел за хеленистичката литература од 2010 година, скромно и конзервативно ќе забележи дека: „Трите века по смртта на Александар се несомнено важни во интелектуалната историја, бележејќи круцијален развој во области како философијата, литературниот критицизам, ораторството, математиката, астрономијата и медицината. А сепак, нашите докази за овој развој се речиси целосно индиректни.“ Токму во оваа

амбивалентна загатка на класичните филолози се крие поширокиот спектар на рецепцијата и проучувањето на хеленистичкиот период и феномените поврзани со него.

Од перспективата на пошироките, неретко мултидисциплинарни, современи проучувања на минатото и интелектуалната историја придонесот на интелектуалците кои работеле на дворови македонските династи е исклучителен. Без Аристарх од Самос или Хипарх од Никеја, па дури и Арат од Сол, делата на Клавдиј Птолемај веројатно би биле во најмала рака многу пооскудни, а со нив и средновековните и ренесансните погледи на астрономијата. Без Мането, Берос, Мегастен или Деметриј од Фалерон, немаше да постои ни античката, ни средновековната, ни ренесансната екумена, напоена со милениумските цивилизациски традиции, а и денес ќе бевме значајно оштетени со сознанија за културата, историјата и идеите на Египет, Месопотамија, Индија или Израел. Философијата, но и поширокиот општествен развој низ вековите, речиси и да не можеме да ги замислиме без Зенон од Китион, и мноштвото стоици, циници и други философи кои другарувале со македонските династи во поголемите и помалите политички и интелектуални јадра на оваа епоха. Најпосле, развојот на раната литературната историја и филологијата денес се незамисливи без придонесот на Калимах, Ератостен, Аристофан од Бизант или Аристарх од Самотраке.

Уште повеќе, невозможно е да се согледа развојот на латинската книжевност без влијанието на Калистен врз Овидиј, римските „нови поети“ (νεωτερικοί) или Квинтилијан, новата комедија на Менандар или хеленистичките идејно-политички и стилски влијанија кај Вергилиј. Без александриските и хеленистичките учени не можат да се замислат ни јулијанскиот календар, ни поморската трговија со Индија, ниту пак архитектонските достигања на римската империја. Анализирајќи го придонесот кон архитектурата, урбанизмот, но и механиката, инженерство, хидрауликата и пневматиката, хидростатиката или геодезијата на хеленистичките центри и интелектуалци, современите автори како Ирби-Меси, Кејзер, Бери или Билет, денес тврдат дека Римскиот свет се потпирал целосно на овие придобивки, а некои од нив како Русо забележуваат дека во делата на врвните римски авторитети во архитектурата или науката, како Витрувиј, Фронтин, Плиниј Постариот или Сенека се забележува површност и нецелосно разбирања на хеленистичките научни концепти и анализи.

Но, додека новиот Римски свет се изградил врз темелите на хеленистичкиот глобален систем, во исто време тој, особено во својата рана фаза, правел и обиди да се еманципира од сеприсутното хеленистичко наследство и да креира сопствен автентичен идентитет.

Латинските автори, како и грчките автори во служба на Рим, од доцно-републиканскиот период се до „втората софистика“, жестоко ќе ги напаѓаат системот на вредности, како и интелектуалните претставници на хеленистичкиот период токму по линијата на врските и односот со македонските династи. Бранејќи го новиот Римски свет, проектиран уште во делата од Полибиј, на основата на идеалите на слободата и

приматот на полисите и демократијата на класична Атина, тие се обидувале на секој начин да ја спречат целосната интеграција на Рим во глобалните политички, идејни, философски и религиозни традиции создадени и институционализирани во „пивоталната епоха“ (Axial age) помеѓу осмиот и вториот век пне.

Па така, кај многу од овие критички настроените римски и про-римски автори Александрискиот литературен и интелектуален круг е стигматизиран преку различни парафрази на квалификациите на Полибиј како „доброволни и умешни инструменти на автократијата“, а фразата од епиграмот на Тимон „кафез на музите“ ќе стане редовен квалификатив на класичарите од предходните векови, чии предрасуди кон хеленистичката литература и уметнотност се провлекуваат дури и во некои современи дела.

Потеклото на овој идеолошки дискурс се поврзува со доцно-републиканскиот период на Рим, кога компаративниот недостатокот на стилски квалитети на латинската литература, кои ги забележува и Кикерон, требало да се покријат со идеолошката исклучивост. Целта на ваквите тенденции, во рамките на доцно-републиканската и августовската пропаганда, особено во очи на финалната разрешница во Актион (Actium), е да го нагласат интелектуалното и моралното предимството на Рим, и неговиот идеолошки репер - класична Атина, пред монденските центри на античкото глобализирано знаење, наука и литература, како Александрија, Антиохија, Селеукија на Тигар, и Пела, или дури некои помали како Пергам, Тарс или Никомедија. Овие „кафези на музите“, во кои врвни интелектуалци од источниот медитеран, но и блискиот исток биле *philoi tou basileos,* помеѓу најблиските пријатели на династите, и неретко влијаеле врз поширoките политики, кај римските автори, како Полибиј, Ливиј или Такит, често се претставувани како декадентен двор на „ориенталните“ монарси, полн со лицемери кои како ослободени римски робови се покорисни и попочитувани.

Токму односот на овие интелектуалци кон династот и активната вклученост во системот на неговиот култ, е точката на прекршувања преку која во античкиот Рим и во модерноста се провлекувала идеолошката сегрегација помеѓу класичното и ориенталното, програсивното и декадентното. Затоа, еден од главните предизвици во пристапот и проучувањето на хеленистичкиот период е објективната анализа на овој интелектуално-општествен круг и амбиент, и неговиот глобален придонес, надвор од нашите современи вредносни системи, доминантно и повеќеслојно повлијаени од римскиот „ориенталистички“ дискурс, дополнително продлабочен со предрасудите креирани во модерноста.

Наспроти традиционалниот поглед на класичарите, и историчарите и археолозите на класичниот период од деветнаесеттиот и првата половина на дваесеттиот век, современиот развој во повеќе општествени и хуманитарни науки и дисциплини во пост-модерниот период, милтидисциплинарните пристапи, како и новооткриените материјални остатоци од археолошки, нумизматички, епиграфски,

палеолингвистички и палеографски карактер, даваат сосема различен поглед на поимањето на античкиот свет и односите во него.

### Новиот и подлабок научен поглед кон Хеленистичкиот период

Интересот кон проучувањето на хеленистичкиот период поминал долг пат помеѓу фасцинацијата со Александровата харизма и подвиг на Дројзен и поширокиот опфат на Тарн (W.W. Tarn) од една страна, и продлабочениот научен фокус на овој период од средината на дваесеттиот век во делата на Ростовцев и Кумон. Значајните пробиви во археологијата на овој период и истражувањата во Дура-Европ на Михаил Ростовцев, ќе резултираат со ново вреднување на материјалот и идеите на оваа епоха во неговите дела. Во обемната „Социјална и економската историја на Хеленистичкиот период“ тој веќе во 1941 година ќе обзнани дека, според него, „секој проучувач на античката историја (веќе) знае дека застарените концепции за оваа епоха“, како назадна или декадентна се „во најмала рака еднострани и водат кон погрешни заклучоци“. Неговиот колега од истражувањата на Дура-Европ, Франц Кумон, токму преку историјата на религиите и религиозните трансформации во класичниот свет ќе создаде нов широк научен фокус на интерес кон идејните, политичките и религиозните концепции на Хеленистичкиот период. Неговите продлабочени истражувања на „ориенталните култови и религии“ во Римската империја ќе започнат да го откриваат значењето на хеленистичкиот период во преносот на глобализациските бранови од Блискиот Исток, кон Рим и Западот воопшто.

Сепак, до крајот на осумдесеттите години на дваесттиот век хеленистичкиот период останал на периферијата на екстензивните студии на класичниот свет, а се до раните деведесетти не се изучувал како одделен предмет на повеќето факултети. Од перспективата на осумдесеттите години ништо не навестува дека новиот, отворен и оптимистички свет по падот на Берлинскиот ѕид, според визиите на Фукујама, ќе значи експлозивен развој на проучувањата на хеленистичкиот период.

Ерата на специфичните фокуси и интердициплинарните широки пристапи, препозна многуслојна уникатност на оваа епоха. На истражувањата на оваа епоха и значајните откритија на археолозите, брзо се приклучуваат и историчарите и класичните филолози, но не помал интерес покажуваат и философите, социолозите, политолозите, културолозите, историчарите на науката и уметноста, истражувачите на идентитетот и национализмот, феминистичките или родовите истражувања. Денес, секоја година врвните издавачки куќи на универзитетите како Кембриџ, Харвард, Јејл или Колумбија, глобалните проминентни издавачи како Блеквел, Брил или Раутлиџ, и најрелевантните журнали издаваат десетици изданија и трудови посветени на идеите, политиката, религијата и историјата на Хеленистичкиот период и на секоја од македонските династии, а особено внимание на овој период посветуваат истражувачите со фокус на родовите односи и идентитетите. Огромен број нови

изданија ги обработуваат нумизматичките и епиграфските теми, акадските, арамејски и хебрејски текстови од овој период, палатите и монументалните гробници, како и односите на македонските династи со Јудеите, Хелените, Персијците, Бабилонците или Египќаните, и идејните континуитети и трансформации на кралствата наследници во Римскиот период.

Една илустрација за трансформацијата на интересот кон хеленистичкиот период е прегледот на најрелевантната библиографија на историските истражувања на Селевкидската империја на проминентниот холандски експерт Ролф Струтман од јануари 2020. Во неговиот преглед за 1980 година се наоѓаат 11 труда, од кои само два се на англиски јазик. Наспроти тоа во прегледот за 2019 година Струтман вклучил преку 60 трудови само од неколку најпроминентни издавачи, а сугерира да се вклучат и преку 40 трудови од значајната едиција од истата 2019 година на ДеГроут посветена посветена на Гецен Коен. Од сите овие помалку од десет трудови се на француски, германски и италијански јазик, што сугерира дека хиперпродукцијата на англиски јазик, ги истиснала трудовите на другите јазици од непосредниот фокус на експертите како Струтман, а при тоа големата продукција на руски, турски јазик и новите научни центри од Истокот не е ни земена превид во оваа и сличните анализи.

Во овој контекст, и истражувачите на античките религии и компаративните студии на религијата во последните декади го препознаваат уникатното место на хеленистичкиот период и неговите религиозни трансформации. Најзначајните современи истражувачи како Верслуис, Брико, Лосл, Ханиотис, Џонсон и други овие трансформации на религиозноста, кои ќе останат доминантни во Источниот Медитеран и Блискиот Исток и во Римскиот период, а набрзо ќе се прошират и кон континентална Европа, неретко ги нарекуваат пост-хеленистички традиции, контекст и пост-хеленистички религии.

Корените и развојот на глобалните култови, окултноста, магијата и астрологијата во Римскиот, но и средновоековниот период, но и значајните идеолошки и стилско-симболични импликации врз современите глобални религии, како Христијанството, Јудеизмот, Исламот и Будизмот, денес во науката се повеќе се бараат во рамките на идејните, политичките и религиозните трансформации на Источниот Медитеран во Хеленистичкиот период. Токму затоа, секое истражување на култот на владетелот и религиозните трансформации преку литературата поддржана и повлијаена од александрискиот двор е, во исто време, и значаен придонес кон тема со значајни научни и општествени импликации, како за минатото, така и за сегашноста и новите идентитетски, социјални и демографски предизвици со кои се соочуваат нашето и други европски општества. Во исто време, ваквите нови фокуси на истражување претставуваат и значајно надополнување кон теоретските студии на хеленистичкиот период, кои на овој начин учествуваат и во она што Шипли го нарекува „тивка револуција“ во проучувањето на значајната епоха „по чија површина (засега) едвај сме загребале“.

## Заклучок

Интересот на модерниот свет кон класичното минато и неговите проучувања на идентитетите, заедниците и идеите, произлезени од „класичниот наратив", можеме да ги карактеризираме како екстензивни, постојани, па дури и манични.[1] Тие претставуваат сеопфатен процес во науката, но и во општеството, кој се трансформирал во алтернативен поход кон себе-пронаоѓањето и себепоимањето на модерниот западен човек, или на модерниот човек воопшто.[2]

Ова ново, „модерно", себедефинирање кое добило особен интензитет во Европа во текот на XIX век, а продолжило да се обликува и низ XX век, препознало во „класичниот наратив" идеализирани идентитети, вредности и општествените форми, со кои треба да се идентификува и да ги копира до мимезис, но и идентитети, вредности и општествени форми кои ја претставувале „другоста".[3]

Во овој контекст, и идентитетите и заедниците од маргините на „класичниот свет", или оние кои биле перцепирани или „прочитани" од класичните извори како такви, добиле своја важност во создавањето на современите идентитети. На почетоците на модерниот научен развој тие претставувале симбол, или историска визуелизација на границите или она што е надвор од границите на „класичната" и „западната" цивилизација.

Подоцна, пак, во периодот на пост-колонијалните трендови во науката, а особено во општествените и хуманистичките дисциплини, овие „некласични" идентитети, заедници и култури од „класичните извори" биле препознаени од современите групи и идентитети, кои биле „помалку претставени" во класичниот наратив како нивните „поробени" антички предци.[4] Овој повеќевековен процес, дополнително поддржан со „објективните" научни сознанија на деветнаесеттиот и дваесеттиот век го создал современиот свет, поделен на нации, раси, култури и цивилизации, но исто така го распарчил и нашето разбирање за минатото и „класичниот свет", создавајќи низа погрешни претпоставки и пристапи кон античките идентитети и култури.  Помеѓу нив највлијателни се сеприсутните, вештачки креирани

[1] Stephen L. Dyson, *In Pursuit of Ancient Pasts, A History of Classical Archaeology in the Nineteenth and Twentieth Centuries* (New Haven and London: Yale University Press, 2006), 1-19
[2] Anthony Grafton, Glenn W. Most and Salvatore Settis, eds., *The Classical Tradition*, (London: The Belknap Press of Harvard University Press, 2010),vii-ix
[3] Erich S Gruen, *Rethinking the other in antiquity* (New Jersey, Princeton University Press, 2011)
[4] Miguel J. Versluys "Understanding objects in motion. An archaeological dialogue on Romanization", *Archaeological Dialogues*, 21, (2014): 2-14
Richard Hingley, *Globalizing Roman Culture - Unity, Diversity and Empire*, (London and New York: Rutledge, 2005), 28-29

и поларизирачки дихтомии кои го делат античкиот свет и го гледаат преку односот помеѓу грчкото и блискоисточното, римското наспорти ориенталното и локалното, паганското наспроти христијанското, како и уште поопштите и стереотипни формулации како „источното“ и „западното“.[5]

Сепак, современите трендови, достигнувања и промената на парадигмите во различни општествени и хуманистички науки, особено изразени во последните неколку децении, во корелација со пошироките општествени промени, поттикнати од интензивираните и повеќеслојни бранови на современиот глобализациски процес, драматично ги разнишаа нашите убедувања за самостојната, хомогена и статична природа на идентитетите, заедниците и културите како во сегашноста, така и во минатото.[6] Антиципирањето на важноста на овие повеќеслојни и меѓусебно поврзани процеси, предизвика сериозен пораст на научниот интерес за феноменот на глобализацијата и неговите влијанија на идентитетите и заедниците ширум светот. Суштинските ефекти на глобализацискиот процес врз различните локални реалности во современиот свет, се се повеќе препознаени како применлив и полезен модел и во истражувањето на минатото.[7]

Така, научниот интерес кон глобализацијата и корисноста на фокусот кон овој општествен феномен како методолошки пристап во анализите на општествата, заедниците и идентитетите полека, но сигурно, се пренесува од проучувањата на сегашноста и кон оние кои го проучуваат минатото. Ваквите научни тенденции ги поместуваат опфатот на истажување на феноменот, лоцирајќи ги неговите корени и развој во различни историски епохи од раната модерност, преку средниот век, класичниот период, па се до праисторијата.[8]

Во овој процес, традиционалните разбирања во науката за јасно дефинирани културни и политички ентитети распространети низ историографските наративи сериозно се ревидираат. Овие историографски „замислени“ или „осмислени“ ентитети го губат својот компактен карактер и граници, и се повеќе се перцепираат како

[5] Julie Reeves, *Culture and International Relations: Narratives, natives and tourists,* (London and New York: Routledge, 2004), 15-26
Margarita Diaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century - Archaeology, Nationalism, Colonialism, and the Past,* (New York: Oxford University Press, 2007)
Mark Golden and Peter Toohey, *Inventing Ancient Culture: Historicism, Periodization, and the Ancient World,*(London: Routledge 1997)
[6] Julie Reeves, *Culture and International Relations: Narratives, natives and tourists,* (London and New York: Routledge, 2004), 71-72
Ian Morris, "Mediterraneanization," in *Mediterranean Paradigms and Classical Antiquity, ed.* Irad Malkin (New York: Routledge, 2005), 30-55
[7] Antony G. Hopkins, *Globalization in World History* (London: Pimlico 2002)
Martin Pitts and Miguel J. Versluys, "Globalisation and the Roman world: perspectives and opportunities", in *Globalization and the Roman World: World History, Connectivity and Material Culture,* eds. Martin Pitts and Miguel J. Versluys (New York: Cambridge University Press 2015), 3-25
[8] Nederveen Pieterse, "Ancient Rome and globalisation: decentring Rome" in *Globalization and the Roman World: World History, Connectivity and Material Culture,* eds. Martin Pitts and Miguel J. Versluys (New York: Cambridge University Press 2015), 225-237

отворени сложувалки на различноста и врските помеѓу луѓето, материјалите и идеите, поврзани преку постојаниот и забрзувачки глобализациски процес.[9] Авторите, како Френк, Гилс или Морис, во современието повторно ја нагласија улогата на Блискиот Исток како локус за создавањето на основното јадро на процесот на глобализација, кое Вилкинсон го нарекува „централна цивилизација“.[10]

Денес, многумина учени се согласни дека конвергенцијата на културите од широките простори кои ги нарекуваме Египет и Месопотамија, започната уште во бронзеното време, во комбинација со милениумските империјални традиции на овој поширок регион, се формативните елементи на античката глобализација. Оваа глобализација *avant la lettre,* како што се почесто се нарекува во науката, се проширила во бранови од Блискиот Исток, и кулминирала во Хеленистичкиот период, кога извршила влијанија од Рим на Запад, па дури до Кина на Исток.

Токму затоа, Хеленистичката глобализација претставува едно од најважните поглавја на континуираниот процес, кој бил во постојан пораст низ вековите, трансформирајќи се себеси во „светски систем“ на поврзаност, или едноставно „глобализација“, во нејзината фаза на развој преку која ја препознаваме и која ја живееме денес.[11]

Request full PDF from the Publisher

Request full PDF from the Publisher